Врз основа на членовите 5, 20 и 72 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ("Сл. весник на РМ" бр. 31/98) и член 32 од Статутот на Асоцијацијата за Односи со јавността на Македонија, Основачкото Собрание на седницата го донесе следниот статут:

# С Т А Т У Т
## на
## Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија

# I. Општи одредби

### Име на асоцијацијата

**Член 1**

Асоцијацијата со име „Асоцијација за Односи со Јавноста на Македонија" (На англиски: "Macedonian Public Relations Association") во понатамошниот текст МПРА, е здружение со нестопанска цел во смисла на Законот за Правни Лица со Нестопанска Цел. Здружението има својство на правно лице.

**Член 2**

За остварување на задачи од заеднички интерес Асоцијацијата може да се здружува со други слични организации и здруженија. Тенденција на Асоцијацијата е добивање на полноправно членство во сите меѓународни организации, како и во сите асоцијации и тела со слично поле на дејствување како и МПРА.

**Член 3**

МПРА не е политичка организација и не смее да се зачленува во политички партии.

**Член 4**

Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија е основана на Конститутивно собрание во Скопје на ден 15.06.2008 година.

**Член 5**

МПРА има печат во правоаголна форма, на кој е испишан текст Асоцијација за Односи со Јавноста на Македонија, со амблемот на МПРА во средината. Штембилот на МПРА е во правоаглона форма, на кој е испишан текст на Македонски јазик, Асоцијација за Односи со Јавноста на Македонија, а на долниот дел од штембилот е испишана ознака со број, ден, месец и година.

**Член 6**

Седиштето на Македонската ПР Асоцијација е во град Скопје, на бул. Јане Сандански бр. 3/1.

### Време на дејствување

**Член 7**

Времето на дејствување на МПРА е неограничено. Врз основа на член 60 од законот за здруженија на граѓани и фондации, Здружението, Асоцијација за Односи со јавноста на Македонија, може да објави престанок во работењето а тоа да го заклучи на седница на

собранието, а потоа да донесе одлука за престанок и акт за истиот. Решението за престанок на работењето, Асоцијацијата го доставува до Централниот Регистар за нејзино бришење од евиденцијата.

# II. Цели и задачи

**Цели на Асоцијацијата**

**Член 8**

МПРА е доброволна, нестопанска, професионална организација во областа на односите со јавноста и интегрираната маркетинг комуникација.

**Член 9**

Изградување и раширување на професионалните односи помеѓу академското образование и практиката. Помагање на развојот на односите со јавноста како самостојна научна и практично приложна област во Република Македонија.

**Член 10**

Утврдување на етичките и високо професионални стандарди во практикувањето на специјалистите од областа на односите со јавноста.

**Член 11**

Популаризирање на актуелните образовни, научни и практични достигнувања во областа на општествената комуникација во Европа и во светот.

**Член 12**

Градење и развој на информациска мрежа помеѓу специјалисти од областа на односите со јавноста од Република Македонија и странство.

**Предмет на дејноста**

**Член 13**

Асоцијацијата ги прифаќа целите и задачите утврдени со актите на меѓународните асоцијации од исто или слично поле. Асоцијацијата ги прифаќа сите права и обврски што произлегуваат од законот за здруженија на граѓани и поединци. Асоцијацијата дејствува на територијата на Република Македонија и може да формира свои ограноци, подограноци, фирми и слично.

**Член 14**

За постигнување и реализирање на своите цели, МПРА може да врши дополнителна стопанска дејност сврзана со предметот на основната дејност, како:

- Да врши специјализирани испитувања и консултантски услуги;
- Да разработува проекти во областа на односите со јавноста, маркетингот, рекламата и интегрираната маркетинг комуникација;
- Да издава во областа на односите со јавноста, маркетингот, рекламата и интегрираната маркетинг комуникација, билтени, списанија, учебни помагала, учебници и други изданија со образовна насоченост;

# III. Права и обврски на членовите на Асоцијацијата

**Член 15**

Во Асоцијацијата има право да членува секој што ја прифаќа програмата за работа на МПРА и нејзиниот статут. Секој член на Асоцијацијата ги прифаќа обврските што произлегуваат од статутот. Член на МПРА може да бидат поединци, институции и здруженија кои покажуваат интерес за развојот на Односите со Јавноста и интегрираните маркетинг комуникации во Република Македонија. Странски државјани и институции можат да членуваат во МПРА како почесни членови, а како редовни можат да бидат примени само со посебна одлука на Собранието.

**Член 16**

Постојани членови на собранието на МПРА се членовите основачи.

**Член 17**

За членови во Асоцијацијата може да бидат примени специјалисти, луѓе кои практикуваат односи со јавноста или професори од областа на односите со јавноста и интегрираните маркетинг комуникации.

**Член 18**

Членовите се должни да се придржуваат на Статутот на МПРА.

**Член 19**

Членовите на Асоцијацијата плаќаат годишна членарина, која се определува од Општото Собрание.

**Член 20**

Членовите ја подпомагаат МПРА во исполнувањето на нејзините цели и задачи.

**Член 21**

Секој член на МПРА има право на глас во Општото Собрание, да избира и да биде избиран во органите на самата Асоцијација.

**Член 22**

Асоцијацијата од своето членство може да исклучи лица кои работат против нејзините интереси и штетат на нејзиниот развој и не ги почитуват одредбите од овој Статут. Конечна одлука за бришење од членство донесува Управниот совет.

**Член 23**

Членството во Асоцијацијата се прекратува со еднострана изјава, со писмено известување од / до Управниот Совет.

**Член 24**

Решението на Управниот Совет за исключување на даден член може да биде обжалувано пред Општото Собрание.

**Член 25**

Причина за исклучување на член од Асоцијацијата може да биде и нерегулирана годишна чланарина.

**Член 26**

Член исклучен поради нерегулирани обврски кон Асоцијацијата не може да го обнови своето членство порано од две години после годината на исклучување.

# IV. Органи на Асоцијацијата

**Член 27**

Органите на МПРА:

- Собрание на Асоцијацијата (Општо Собрание);
- Претседател на Собранието на МПРА
- Управен Совет;
- Претседател на Управниот Совет;
- Секретар - координатор
- Комисија за Професионална Етика;
- Консултативен совет.

**Собрание на Асоцијацијата (Општо Собрание)
и претседател на собранието**

**Член 28**

Собранието на Асоцијацијата е највисок орган и е составено од членовите на основачкото собрание на МПРА, редовни членови и почесни членови на МПРА. Собранието на Асоцијацијата се одржува во координација со Управниот Совет на Асоцијацијата.

**Член 29**

Собранието од своите редови избира Претседател на Собранието. Собранието избира со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови. Претседателот на Собранието на МПРА се избира на седница на Општото Собрание со мандат од (4) години и има право на негово преизбирање, но не повеќе од два мандата.

**Член 30**

Претседателот на Собранието на МПРА ги води седниците и може да свика вонредна седница на собранието и по одлука на Претседателот на Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија, може да ја претставува асоцијацијата пред трети лица.

**Член 31**

Собранието на Асоцијацијата од своите редови избира Управен Совет, Претседател на Управниот Совет, Комисија за Професионална Етика и Консултативен совет.

**Член 32**

Собранието е највисок орган на Асоцијацијата кое расправа и одлучува за следните прашања:

- Донесува Статут на Асоцијацијата;
- Избира Претседател на Собранието;
- Утврдува политика за развој и комуникација на Асоцијацијата со други субјекти;
- Ги разгледува и усвојува програмите за работа на Асоцијацијата;

- Доделува признанија и награди за остварени резултати, на предлог на Управниот Совет;
- Ја верифицира и ја објавува завршната сметка на Асоцијацијата;
- Објавува акти на Асоцијацијата;
- Донесува одлука за исклучување од членство на Асоцијацијата;
- Ја избира и распушта Комисијата за Професионална Етика;
- Ги поништува решенијата на другите органи на Асоцијацијата, кои противоречат на законот, статутот на Асоцијацијата и други внатрешни акти;

**Член 33**

Собранието може да е редовно, изборно, тематско и вонредно. Изборното собрание се одржува секоја четврта година. Вонредното Собрание може да се свика за измени и дополнувања на Статутот на Асоцијацијата и за активности кои се во надлежност на Собранието. Вонредното Собрание може да биде свикано по одлука на Претседателот на собранието, Управниот Совет или по барање на најмалку 1/3 од членовите на собранието.

**Член 34**

Собранието својата работа ја реализира на седници. Седниците на Собранието се свикуваат најмалку еднаш годишно. Собранието донесува одлуки со мнозинство на гласови, од присутните членови.

**Управен совет**

**Член 35**

Управниот Совет е извршен орган на Собранието и брои 5 (пет) члена. Мандатот на членовите на Управниот Совет трае 4 години со право на понатамошен избор. Управниот Совет е составен од (3) постојани члена на Собранието и 2 (два) кои може да не се членови на Собранието. Претседателот на Собранието на МПРА за својата работа е одговорен пред Управниот Совет и Собранието на Асоцијацијата.

**Член 36**

Во состав на Управниот Совет влегуваат:

- Претседател на Управниот совет (Претседател на Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија );
- Секретар-координатор;
- Членови на Управниот Совет;

**Член 37**

Управниот Совет ги организира и раководи сите аспекти на работата на Асоцијацијата и ги решава сите прашања, кои не се од исклучителна компетентност на Општото Собрание.

**Член 38**

Управниот Совет го подготвува и претставува годишниот отчет за дејноста како и годишен финансиски отчет пред Општото Собрание.

**Член 39**

Управниот Совет го предлага буџетот и програмата за дејноста на Асоцијацијата.

**Член 40**

Управниот Совет зачленува нови членови во Асоцијацијата и зема решенија за исклучување на членови на Асоцијацијата во согласност со постоечкиот статут.

**Член 41**

Управниот Совет го формира составот на Консултативниот Совет на Асоцијацијата и определува свој постојан претставник во него.

**Член 42**

Управниот Совет заседава најмалку 12 пати годишно. Редовните седници на Управниот Совет се свикуваат од Претседателот, кој го определува времето, местото и дневниот ред на седницата и ги обавестува другите членови на Управниот Совет.

**Член 43**

Членовите на Управниот Совет се задолжени да учествуваат редовно на седниците на раководниот извршен орган. При неоправдано отсуство на член на Управниот Совет од седниците и/или недостиг на активност во работата како и при неисполнување на работните задачи, членовите на Управниот Совет можат да земат решение за отстранување или исклучување на член на Управниот Совет и да предложат избор на нов член на Управниот Совет на Општото Собрание на Асоцијацијата.

**Претседател на Управниот Совет**

**Член 44**

Претседателот на Управниот Совет на МПРА ја претставува асоцијацијата во правниот промет во јавноста и пред трети лица, во својство на Претседател на Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија. Кога е спречен во вршењето на неговата работа и дејност, одговорноста за неговата работа ја превзима друг ополномоштен член.

**Член 45**

Претседателот на Управниот Совет се избира на седница на Управниот Совет со мандат од 4 години и има право на негово преизбирање, но не повеќе од два мандата.

**Член 46**

Претседателот на Управниот Совет го свикува Управниот Совет најмалку 12 пати годишно и ги раководи седниците на Управниот совет.

**Член 47**

Претседателот на Управниот Совет склучува договори од името на Асоцијацијата со цена определена од Управниот Совет. Над таа цена, Претседателот склучува договори од името на Асоцијацијата со согласност на Управниот Совет.

**Секретар на Управниот Совет (Секретар – координатор)**

**Член 48**

Секретарот на Управниот Совет помага во работата на Управниот Совет и на Претседателот на Управниот Совет. Неговите права и должности се определуваат со решение на Управниот Совет.

## Комисија за професионална Етика

### Член 49

Комисијата за Професионална Етика се состои од 3 (три) члена, кои се избираат од Општото Собрание со мандат од 2 (две) години.

### Член 50

Членовите на Комисијата за Професионална Етика не можат да бидат едновремено и членови на Управниот Совет.

### Член 51

Комисијата за Професионална Етика се раководи од Претседател, кој се избира од членовите на Комисијата на нејзина седница.

### Член 52

Работни задачи и обврски на Комисијата за Професионална Етика се:

- Го следи придржувањето и спроведувањето на Статутот и Кодексот на професионалните стандарди на Асоцијацијата;
- Разгледува клаузули кои се доставени од член/ови на Асоцијацијата, за нарушување на професионалната етика од други членови на Асоцијацијата;
- Предложува за исклучување членови на Асоцијацијата пред Управниот Совет кога некој член на Асоцијацијата ги нарушува распоредбите на овој Статут и на кодексот на професионалните стандарди;
- Определува свој постојан претставник во Консултативниот Совет на Асоцијацијата.

## Консултативен Совет

### Член 53

Консултативниот Совет е постојана експертска комисија, во чиј состав влегуваат најмалку 5 (пет) члена:

- Претставник на Управниот Совет на Асоцијацијата;
- Претставник на Комисијата за Професионална Етика;
- Тројца претставници избрани од Општото Собрание;

### Член 54

Составот на Консултативниот Совет се формира по предлог на Управниот совет на Асоцијацијата.

### Член 55

Консултативниот Совет заседава најмалку два пати годишно.

### Член 56

Консултативниот Совет има за цел да врши и да дава јавност во работењето на асоцијацијата, навремено да ги известува медиумите за тековните проекти и да назначи луѓе одговорни за веб страната на асоцијацијата преку која ќе се врши известување до јавноста во реално време. Исто така разгледува и случаи од практичната примена на односите со јавноста и интегрираните маркетинг комуникации, кои дури и да не ги засегаат

членовите на Асоцијацијата, налагаат потреба од изготвување и давање публичност на позицијата на Асоцијацијата. На крајот од секоја тековна година, консултативниот совет свикува прес конференција каде ќе го образложи работењето на асоцијацијата за изминатата година. Истиот извештај се објавува и официално на веб страната на МПРА.

# Сопственост на Асоцијацијата

**Член 57**

Сопсвеноста на Асоцијацијата се собира од:

- Годишна чланарина;
- Супсидии;
- Помош од трети лица;
- Донации од физички и правни лица;
- Други дејности дозволени од законот за извори на приходи, вклучувајќи ги и приходите од стопанска дејност сврзани со предметот на дејноста на Асоцијацијата

# Други одредби

**Член 58**

Измените и дополнувањата на Статутот ги донесува Собранието на МПРА, на негова седница.

**Член 59**

Толкувањата на одредбите на овој Статут ги врши Собранието на МПРА и Управниот Совет на МПРА.

**Член 60**

Овој Статут е усвоен на Оснивачко Собрание на Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија, и ќе се применува од денот на неговото усвојување.

**Член 61**

Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија, во правниот промет и спрема трети лица во јавноста, ќе биде застапувана од Претседателот на Управниот Совет (Претседател на Асоцијацијата).